РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.CT.044.01

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2021-2023

Март 2021

## Содржина

I. Вовед .......... 5
II. Визија .......... 9
III. Мисија .......... 9
IV. Принципи и вредности .......... 9
V. Стратешки приоритети .......... 11
VI. Клучни фактори на успех .......... 18
VII. Завршни одредби .......... 18
VIII. Записи .......... 19

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 19-03-2021 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| Конвенции на Светската царинска организација, прирачници и компендиуми | Kyoto, Arusha, SAFE, Columbus, Picard, AEO Compendium etc. |
| ЕУ ревидирани нацрти (Blueprints) на Царината | ЕУ ревидирани нацрти (Blueprints) на Царината – Патеки до подобра царина |
| EU Програма Customs 2020 | Регулатива (EU) No 1294/2013 |
| Договор за асоцијација и стабилизација (SSA) | Извештај за напредокот |
| Владина стратегија | Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024, Планови за реформски приоритети, , Национални стратегии |
| Финансиски документи | |
| Светска трговска организација (WTO) | Договор за олеснување на трговијата (Trade Facilitation Agreement (TFA)) |
| Закон за Царинската управа | "Службен весник на Република Северна Македонија" Бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018 и 248/2018 |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| ОЕО | Овластен Економски Оператор |
| ЦУРСМ | Царинска управа на Република Северна Македонија |
| CEFTA | Договор за слободна трговија за земјите од Централна Европа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИКТ | Информатичка и комуникациска технологија |
| ИТ | Информатичка технологија |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа(„Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018 и 248/2018), директорот на Царинската управа донесе:

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2023

## I. Вовед

1. Царинската управа на Република Северна Македонија (ЦУРСМ) е орган во состав на Министерството за финансии. Царинската управа ги врши работите од својата надлежност согласно Законот за Царинската управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за данок на додадена вредност Законот за данок на моторни возила и други закони со кои се уредува увозот, извоз и транзит на стоки и се однесуваат на вршење на други работи кои спаѓаат во надлежност на Царинската управа, како што е пропишано со други закони.

   Царинската управа ги извршува задачите што се во нејзина надлежност преку Централната управа – централна точка која ги координира и управува царинските надлежности на целата територија на Република Северна Македонија и Царинарниците кои координираат и управуваат со одреден регион, вршат царинско работење во патнички и товарен сообраќај и мерките за царински надзор, царинење, спречување на незаконски увозни, царински управни и царински прекршочни постапки, продажба на царинска стока и присилна наплата на царински давачки преку нејзините организациони единици - царински испостави.

   Главни области на работа на ЦУРСМ се задачи поврзани со царини и акцизи (пресметка и наплата на давачки, надзор, контрола, царинење на стоки, истрага и разузнавање, наплата на парични казни) и други задачи утврдени со закон.

   Царинската управа работите од својот делокруг ги извршува преку:

   1) Централна управа и
   2) Царинарници

   Работата од делокругот на Царинската управа се извршува преку основни и внатрешни организациони облици.

   Основни организациони облици се: Секторите и Царинарниците.
   Внатрешни организациони облици се: одделенија, служби, царински испостави и отсеци.

Организациска структура согласно Правилникот за организација и работа на Царинската управа:






На крајот на 2020 година во ЦУРСМ има вкупно 1167 вработен.

Структурата на царинските службеници класифицирани по групи според Законот за Царинската управа, на крајот на 2020 година, е презентирана во следнава табела:

| Групи на службеници | Број на вработени |
|---|---|
| Раководители | 199 |
| Стручни службеници | 796 |
| Помошно-стручни царински службеници | 85 |
| Административни службеници | / |
| Работници | 87 |

Од вкупниот број на вработени, 334 се жени или 29,44%,.

**Процент на полова застапеност**



Според возраст, структурата на вработение следнава:




Според нивото на образование, структурата е следнава:



## II. Визија

**Да бидеме водечка Царинска управа во регионот што ќе дава силна поддршка на легалната економија и која ќе биде целосно усогласена со стандардите на Европската унија**

## III. Мисија

**Да ги заштитиме финансиските интереси и општеството, истовремено поддржувајќи го економскиот развој преку соработка, олеснување и модернизација**

## IV. Принципи и вредности

Сите вработени на Царинската управа играат значајна улога во остварувањето на нејзините цели и зачувувањето на нејзиниот интегритет.

Царинската управа има за цел постигнување на високо ниво на доверба во јавноста и одржување и развој на организационата култура врз основа на следните принципи:

- Владеење на правото, еднаквост и праведност;
- Лидерство, професионалност, одговорност, чесност и транспарентност;
- Ефикасност, ефективност, достапност и доверливост.

При спроведувањето на законите и правилата, Царинската управа применува високи стандарди на однесување и основни вредности, како што се:

- Квалитетна услуга;
- Искреност и доверба;
- Мотивација и развој на човечкиот потенцијал и
- Тимска работа и корпоративен дух.

Сите вработени и раководниот кадар се лично одговорни за примена на овие вредности во нивната секојдневна работа, а нивното однесување влијае на угледот на Царинската управа.

Гореспоменатите принципи ќе бидат обезбедени преку примена на етичкиот кодекс на однесување, годишните приоритети и планови, управувањето и контролата на финансиите, управувањето со безбедноста на информациите, контролата на работењето и оценувањето, внатрешната ревизија и дисциплинските и други постапки.

За периодот 2021-2023, целосно воспоставување на дигитална царина е еден од главните приоритети на Царинска управа, со што се придонесува во две насоки: олеснување на трговијата и засилување и подобрување на безбедноста на границите.

Во 2020 година се воведе и веќе применува бесхартина извозна царинкса постапка, а пилот проектот за бесхартина увозна царинска постапка навлезе во втора фаза, со што во 2021 се очекува и увозот да стане целосно бесхартиен.. Со тоа значително се подобрија и ќе продолжат да се подобруваат услугите кон економските оператори што се вклучени во надворешно-трговското работење и ќе се намалат трошоците за извршување на царинското работење.За непреченост во поврзувањето за транзитот на стоки, Царинската управа ќе обезбеди унапредување на Новиот компјутеризиризиран систем за транзит согласно новите барања согласно Царинскиот Закон на Унијата. Започнат е и во следниот период ќе биде имплементиран и проектот за воведување на Новиот едношалтерски систем.

Царинската управа има специфична улога и мандат во однос на нејзината позиција на граничните премини каде таа треба да има предоминантна улога долж целиот меѓународен синџир на снабдување со стоки и таа треба да обезбеди одржлива, безбедна и инклузивна иднина за сите. Во 2021 година Царинската управа ќе продолжи да работи на исполнувањето на глобалните императиви за справување со економските, еколошките, здравствените и социјалните предизвици, со истовремено зголемување на постоечките напори за поефикасно справување со актуелните предизвиципреку многу проактивни постапки.

ЦУРСМ ќе биде посветена да им служи на граѓаните преку градење на силно и безбедно општество. Царината има клучна улога во примената на законските прописи што се однесуваат на главните општествени и економски предизвици со кои се соочува нашата држава, како што се борбата против транснационалниот организиран криминал и тероризмот, борба против трговијата со луѓе, оружје, droги и спречување на перење на пари.

ЦУРСМ ќе се насочи кон обезбедување на просперитет - преку поедноставување на царинските постапки. Царината ќе придонесе за намалување на времето и на трошоците за движење на стоките преку граница и за поттикнување на трговските активности, зголемување на приходите и вработеноста, како и за понатамошно промовирање на домашните и на странските инвестиции. Преку превземање на уште посилни мерки и контроли за борба против трговските измами и даночната евазија, Царината треба да обезбеди државата да располага со потребните ресурси за финансирање на јавната инфраструктура и на услугите, а исто така ќе придонесе за зајакнување на владеењето на правото и на стабилноста.

# V. Стратешки приоритети

Стратешките приоритети на ЦУРСМ се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии. Земени се предвид и Акцискиот план за Царина на Европската комисија, како и другите меѓународни стандарди и најдобрите практики поврзани со царината.

ЦУРСМ, согласно актуелните мерки и политики на ЕУ и Царинската унија, се стреми кон поголема иновативност и ефикасност, и воведување на „паметни" царински процеси. Дејствата кои се планираат се во насока на надминување на клучните предизвици со кои се соочуваат царините на меѓународно ниво: порастот на примената на е-троговија и дигитализација, излегувањето на Обединетото Кралство од ЕУ и Царинската унија, како и непредвидените случувања на глобално ниво (справување со последиците од пандемијата со COVID-19).

Традиционално, најзначајна улога на ЦУРСМ е **наплатата на увозни и други давачки и даноци**. Подеднакво важна и растечка е улогата на царината во областа на **безбедноста и сигурноста**. Заштитата на здравјето и безбедноста на граѓаните и општеството останува висока на дневен ред. Царинската управа е на прва линија на одбрана **против нелегални и забранети активности**. ЦУРСМ, ќе остане посветена на својата поширока општествена цел - обезбедување на **одржлив економски раст** преку зголемување на конкурентноста и инвестициите, подобрување на деловното опкружување и создавање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси. Ова ќе биде поддржано преку **олеснување, едноставни и транспарентни процедури** и во тесна соработка со бизнисот и трговијата.

За достигнување на визијата, клучна важност има посветеноста кон иновации и **модернизацијата** на администрацијата која вклучува понатамошен интензивен развој на ИТ и човечки ресурси, подобрување на условите за работа и одржување на високи стандарди за интегритет на своите вработени.

Целите и мерките за спроведување на стратегијата за ЦУРСМ се вградени во следните четири стратешки приоритети, и истите, заедно со целите се прикажани подолу на стратешката мапа:

- олеснување на трговијата;
- наплата на приходи и заштита на финансиските интереси;
- заштита на општеството;
- модернизација.

# СТРАТЕШКА МАПА НА ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




## 5.1 Стратешки приоритет „Олеснување на трговијата"

ЦУРСМ останува посветена на процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ и на исполнувањето на европските стандарди и практики.

Истовремено, царината останува сигурен партнер во обезбедувањето на конкурентско опкружување за македонскиот бизнис и трговија. Ова ќе се направи со олеснување на легалниот проток на стоки и патници и обезбедување едноставни, транспарентни и предвидливи процедури и формалности.

Во развојната глобална економија, е-трговијата сè повеќе станува неопходна компонента на деловната стратегија и работење на економските субјекти и претставува силен катализатор за економски развој. Посебен интензитет на развојот и потребата од е-трговија се воочува во 2020 година (дополнително поради новонастастаната ситуација и мерки како последица на пандемијата со COVID-19) и тој тренд се очекува да расте. Е-трговијата игра клучна улога во растот на малите и средни претпријатија во Република

Северна Македонија. Притоа, царината останува посветена на олеснување и дигитализација на постапките на увозот на мали пратки од странство во системот на прекугранична е-трговија, но и на постапката за извоз, односно како фирмите да вршат продажба и извоз на нивните производи на странските пазари.

Стратешки цели:

### 5.1.1 Понатамошно усогласување на националното царинско законодавство и процедури со законодавството на Европската Унија

- Понатамошно усогласување на царинската регулатива преку изменување и дополнување на царинските закони, подзаконските акти и упатствата за нивна примена, согласно законодавството на Европската унија;
- Воведување на целосна безхартиена околина во царинската постапка, преку имплементација на електронски системи од програмата е-Царина, односно Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ (MASP) и компатибилни со системите и постапките во Европската унија.

### 5.1.2 Олеснување и забрзување на протокот на стока и патници

- Подобрување на селективната контрола со подобрување на процесите за анализа на ризик и управување со ризик;
- Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку изградба на нова и подобрување на постоечката инфраструктурана граничните премини;
- Забрзување на протокотна возилата на граничните премини и царинските терминали преку подобрување на соработката и усогласување на контролите со другите државни институции надлежни во спроведувањето на царинската постапка;
- Воведување на заеднички контроли на стока, патници и превозни средства, на едно место со граничните служби на соседните земји, соработка на меѓународно ниво.

### 5.1.3 Обезбедување едноставни и предвидливи процедури и формалности

- Воспоставување на информативно тело за олеснување на трговијата што ќе биде надлежно за обезбедување на информации на економските оператори за постапките и документите во прекуграничната трговија;
- Понатамошно промовирање на концептот на Овластен економски оператор (ОЕО) кај деловната заедница и поддршка и помош на заинтересираните економски оператори во постапката за добивање на одобренијата;
- Спроведување на одредбите од Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА Договорот;
- Подобрување на знаењето и вештините на надворешните корисници преку промовирањена модулите за е-учење;
- Понатамошно промовирање на поволностите за малите и средните претпријатија за примена на е-трговија.

### 5.1.4 Развој на пристапот ориентиран кон клиентите и партнерските односи

- Одржување на партнерски однос со деловната заедница преку натамошно интензивирање и подобрување на работата на Советодавното тело, спроведување на заеднички проекти и учество на заеднички настани (работилници, советувања, презентации и сл.);
- Подобрување на протокот на информации помеѓу сите чинители во активностите поврзани со Царинската управа.

## 5.2 Стратешки приоритет „Заштита на општеството"

ЦУРСМ дополнително ќе ја подобри ефикасноста на своите контроли и други активности поврзани со сузбивање на незаконски активности. Потребна е блиска соработка со националните и меѓународните партнери.

Растечките закани од организиран криминал, тероризмот, како и опасноста од болести и нови закани во областа на забраните и ограничувањата бараат соодветно вклучување на ЦУРСМ во односна заштитата на здравјето, безбедноста и сигурноста на граѓаните и општеството.

Стратешки цели:

### 5.2.1 Обезбедување ефективни и ефикасни контроли

- Зголемување на ефикасноста на контролите преку унапредување на електронско евидентирање и размена на информации на национално и меѓународно ниво;
- Подобрување на системот за управување со ризик со предвидување, идентификување, приоретизирање, управување и следење на сите видови на ризик;
- Зголемување на царинските приходи преку зајакнување на системот за царинска контрола по царинење кај економските оператори.

### 5.2.2 Зајакнување на областа „забрани и ограничувања"

- Зајакнување на заштитата на правата од интелектуална сопственост преку натамошно усогласување на националната со европската регулатива;
- Унапредување на системите за прибирање информации и ажурирање на стратешкиот и акциониот план за интелектуална сопственост.

### 5.2.3 Зајакнување на борбата против царинските измами и криминалот

- Подобрување на капацитетите и системите за спроведување царински истраги, ефикасност на специјалните царински единици, како и царинска контрола и надзор на границата, но и во внатрешноста.

### 5.2.4 Градење одржливи меѓународни односи со цел обезбедување на сигурен и безбеден синџир на снабдување

- Унапредување на меѓународната соработка како во делот на размена на информации, учество во меѓународни операции, проекти, состаноци, работилници, така и во делот на најдобрите практики и обуки за царинските службеници кои се однесуваат на борбата против организираниот криминал и заштитата на општеството.

## 5.3 Стратешки приоритет „Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси"

ЦУРСМ е една од главните институции за наплата на давачки во државата – околу 45% од приходите во буџетот на РСМ (царина, ДДВ, акциза, данок на моторни возила и други надоместоци). За да биде успешна во оваа улога, ЦУРСМ ќе посвети посебно внимание во однос на соодветна пресметка и ефикасно собирање на давачките, за да ги собере навреме и во согласност со сите релевантни закони, национални и меѓународни стандарди.

Стратешки цели:

### 5.3.1 Обезбедување ефикасна наплата на приходи

- Подобрување на електронската наплата на приходи преку понатамошно унапредувањена системот за наплата;
- Подобрување на управувањето со гаранции преку унапредување на системот за гаранции;
- Усогласување на националната регулатива и развој на систем за воведување на А и Б сметки во согласност со регулативата и системите на ЕУ;
- Подобрена реализација на присилна наплата на давачките.

### 5.3.2 Подобрување на системот за управување со акцизи

- Развој на политики, системи, постапки и инструменти за ефикасна контрола и наплата на акцизите преку усогласување,унапредување и примена на регулативата согласно најдобрите национални и европски практики;
- Понатамошен развој и унапредување на електронскиот бесхартиен систем за управување со акцизните документи, а со цел забрзување и поедноставување на акцизните постапки и зголемување на надзорот и контролата на акцизните добра;
- Зголемување на ефикасноста на акцизните контроли преку воведување на таргетирани контроли на високоризични акцизни добра;

- Интензивирање на соработката со деловната заедница, развој на соработката со релевантните агенции во земјите на ЕУ и меѓународните институции.

### 5.3.3 Зајакнување на областа „вредност, тарифа и потекло"

Воспоставување на акредитирана и модерна Царинска лабораторија во согласност со стандардот за квалитет ISO 17025 (Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање).

## 5.4 Стратешки приоритет „Модернизација"

За да биде модерна и ефикасна Царинска управа, подготвена да се прилагоди на неизбежните промени, во ЦУРСМ ќе се подигне нивото на квалитет и професионалност на работата што ја вршат царинските службеници, согласно принципите на поедноставување, праведност и ефикасност.Царината се стреми да биде „SMART" што е во согласност со политиката на Светската царинска организација, и тоа значи: безбедни граници, автоматизација, следливост и мерливост, подобрување на управување со ризик, и пред се следење и примена на најновата технологија.
Современите работни услови, вклучувајќи опрема и ИТ поддршка, се клучни за реализација на овој приоритет.

Стратешки цели:

### 5.4.1 Зајакнување на управувањето со човечките ресурси

- Подобрување на системот за внатрешно распоредување и системот за обука и професионален развој;
- Воведување на царински компетенции во процесите на управување со човечки ресурси;
- Подобрување на знаењата и вештините на царинските службеници;
- Понатамошно зајакнување на механизмите за управување со перформансите и системите за наградување и кариера;
- Зголемување на свеста и посветеноста на вработените.

### 5.4.2 Спроведување на мерки за спречување на несоодветно однесување и судир на интереси и развој на системи на правила и контрола

- Имплементација на Национални стратегии и програми за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, која овозможува координирано и воедначено собирање, обработка и анализа на податоците за превенција и борба против корупцијата;

- Унапредување на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и другите институции вклучени во борбата против корупција;
- Подобрување на механизмот на професионална отчетност и интегритет со користење на најдобри меѓународни практики преку унапредување на воспоставените системи за професионално, законско и етичко постапување;
- Имплементирање на мерки за зајакнување на интегритетот и афирмација на позитивно однесување на вработените кое го унапредува чесното и етичко однесување во извршување на нивните службените должности;
- Зајакнување на внатрешните контроли и истраги;
- Подигнување на јавната свест за пријавување случаи на корупција преку организирање и спроведување на кампањи за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

### 5.4.3 Подобрување и натамошен развој на системи за ИКТ поддршка

- Унапредување на примената на информатичките технологии преку имплементација на нови и подобрување на постоечките ИКТ системи за поддршка на деловните процеси во царинското работење за воспоставување на безхартиена околина во царинските постапки и интероперабилност и интерконективност со системите на ЕУ;
- Зголемување на примената на информатичките технологии преку унапредување и развој на ИКТ системите за електронска размена на податоци и документи со деловната заедница, другите државни институции и царинските служби на земјите од регионот;
- Консолидација и тековна модернизација на хардверската инфраструктура за работа на ИКТ системите на Царинската управа;
- Воспоставување на центар за опоравување од катастрофи во случај на криза и обезбедување континуитет и стабилност во работењето на ИКТ системите преку модернизација на ИКТ инфраструктурата;
- Зголемување на административниот капацитет и унапредување на мерките за обезбедување на непрекинатост во користењето на ИКТ системите заради осигурување на континуитет во работењето.

### 5.4.4 Подобрување на работните процеси

- Зајакнување на стратешкото планирање и воспоставување на клучни индикатори за успешност со цел мерење на ефикасноста на организацијата – согласно насоките на ЕУ и Светската царинска организација.

### 5.4.5 Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии

- Зголемување на ефикасноста и транспарентноста на јавните финансии; Подобрување на буџетскиот процес од буџет заснован на импути кон буџет насочен кон резултати; Обезбедување на континуирана поддршка за подобрување на

финансиската одговорност и капацитет на лицата овластени за превземање на финансиски обврски како главни корисници на одобрените буџетски средства; Примена на дисциплинирана буџетска потрошувачка со акцент на рестриктивност и контрола на помалку продуктивните трошоци за сметка на зголемување на инвестиционите вложувања во капитални проекти и подобрување на инфраструктурата;

- Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Царинската управа.

### 5.4.6 Подобрување на транспарентноста на Царинската управа

- Промовирање, транспарентност и отчетност на царинското работење пред јавноста;
- Модернизација на системот и начинот на известување (веб страна, медиуми)
- Подобрување на перцепцијата на јавноста и другите целни групи за Царинската управа.

### 5.4.7 Подобрување на условите за работа

- Реконструкција на царинските објекти и подобрување на условите за работа на царинските службеници и корисниците на услугите кои ги дава царинската служба.

## VI. Клучни фактори на успех

За успешната имплементација на овој Стратешки план, и неговите цели и мерки, Царинската управа ќе се потпира на политичката посветеност и поддршка, стабилните услови за работа, соодветните финансиски и човечки ресурси, спроведувањето на организациски промени и надминување на предизвиците на национално ниво.

## VII. Завршни одредби

Овој Стратешки план стапува во сила на денот на неговото потпишување.

За спроведување на определените стратешки цели се одговорни сите организациони единици, во координација со Службата за проекти и стратегија и соодветната Работна група за стратешко планирање.

Реализацијата на стратешките приоритети на Стратешкиот план ќе биде поддржана со реализација на Акционен план со кој ќе се утврдат активностите со индикатори заизведба/успешност, роковите и потребните ресурси за нивно реализирање.

За реализација на активностите во Акциониот план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023, што се дефинирани за постигнувањена стратешките цели од овој документ, редовно ќе се информира врз основа на утврдените индикатори на успешност.

Со донесување на овој 01.10.00.СТ.044.01 Стратешки план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023 престанува да важи 01.10.00.СТ.041.01 Стратешкиот план на Царинската управа 2020-2022 година бр. 01-026134/20-0001 од 18.05.2020 година.

## VIII. Записи

-01.10.00.СТ.044.01-ОБ.01.01 Акционен план на Царинската управа на Република Северна Македонија за период 2021-2023

в.д. Директор
м-р Горан Сугарески

Бр. 01 - 015113/21-0001
Скопје, 17. 03. 2021

| | |
|---|---|
| Стратешкиот план го подготви: | Служба за проекти и стратегија |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија,<br>Управници на царинарници. |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Архива,<br>Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција. |